22.01.2018

# Повик за поднесување

## Проектни концепти / Предлог проекти

### *ГЛОБАЛЕН ЕКОЛОШКИ ФОНД – ГЕФ*

*ПРОГРАМА ЗА МАЛИ ГРАНТОВИ – ПМГ*

***За Република Македонија за 2018 г.***

Глобалниот еколошки фонд Програма за мали грантови – ГЕФ ПМГ за Република Македонија (Global Environment Facility Small Grants Programme – GEF SGP Republic of Macedonia) објавува **Повик за поднесување на Проектни концепти/Предлог проекти** во централната област:

**ЛОКАЛНИ СО ГЛОБАЛНИ КОАЛИЦИИ ЗА РАКУВАЊЕ СО ХЕМИКАЛИИ (отпад, ДДТ, жива, ПОПс, е-отпад)**

Управувањето со хемикалии и органски отпад како процес на намалување, собирање, селектирање и рециклирање на потенцијалните загадувачи на почвата, водата и воздухот, со посебен акцент на:

- Земјоделска пластична фолија и ПЕТ пластичен отпад од домаќинствата – селектирање, собирање и рециклирање; повторување на претходни успешни проекти за ПОПс
- Нетоксичен е-отпад од домаќинствата - селектирање, собирање и рециклирање; иновативен пристап кон партнерство на НВО со бизнис секторот;
- Развој или воспоставување иновативни локални системи и пристапи за намалување, собирање, селектирање и рециклирање на потенцијалните загадувачи на почвата, водата и воздухот, со специјален акцент на отстранување на употребата и намалувањето на ПОПс
- Управување со хемикалии и органски отпад и системи за зачувување на земјоделските површини.
- Развој на капацитетите за Хемикалии.

Право за пријавување имаат **законски регистрирани** Здруженија активни во областа на заштитата на животната средина како и Здруженија кои работат во други области.

Пријавувањето на Проектните Концепти (ПК) / Предлог Проектите (ПП) се врши според *„Напатствија, Критериуми и Формулари за проектни концепти и предлог проекти само за централна област Хемикалии јануари 2018"* кои може да се добијат по електронска/ редовна пошта од Канцеларијата на ГЕФ ПМГ Република Македонија со испраќање на електронска порака на info@gefsgpmacedonia.org.mk со *предмет (subject)*: *Напатствија за повик јануари 2018,* со текст од кое Здружение се јавувате и на крајот ставете име на лицето кое ја праќа пораката.

Здруженијата кои се пријавуваат, се повикуваат да ги следат Напатствијата и да ги употребуваат дадените формулари. Предложените активности и резултати мора да се во согласност со централна област на ГЕФ ПМГ и мораат да ги исполнуваат наведените критериуми детално образложени во *„Напатствија, Критериуми и Формулари за проектни концепти и предлог проекти само за централна област Хемикалии јануари 2018".*

**КРАЕН РОК за поднесување на *Проектни Концепти* е**
**ДО ПОНЕДЕЛНИК, 28.02.2018 до 16.00 ч.**

**КРАЕН РОК за поднесување на *Предлог Проекти* е**
**ДО ПОНЕДЕЛНИК, 14.05.2018 до 16.00 ч.**

*Очекувана временска рамка на Повикот 2018: Одлучување по поднесените предлог проекти:* ***јуни 2018****; информација за одобрени за финансирање проекти:* ***јули 2018****; потпишување на Меморандумски договори:* ***август 2018****; планиран почеток на проектните активности:* ***септември 2018.***

**НЕМА ДА СЕ ПРИФАТАТ препишани проекти, напишани проекти од лица кои не се членови на Здружението, кои не се напишани во формуларите од јануари 2018, кои не се според Напатствијата, нецелосни проекти, кои се пристигнати ВО канцеларијата ПОСЛЕ крајниот рок.**

SGP The GEF Small Grants Programme 25 YEARS

ул. Мајка Тереза 15/6, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел/факс: +389-(0)2-310.99.56
ел.пошта: info@gefsgpmacedonia.org.mk
www.gefsgpmacedonia.org.mk
www.sgp.undp.org